**О П Ш Т И Н А   Ш Т И П**

*Совет на млади*

# П О В И К

Почитувани,

Совет на млади на Општина Штип е во процес на изготвување на Стратегијата за млади 2018 – 2022 година. Изминатиот период Советот спроведе истражување за проблемите со кои се соочуваат младите во нашата општина преку анкети. Според дадените одговори се детерминирани клучните области на кои треба да се фокусира Стратегијата. Вие како млади лица ќе имате можност активно да се вклучите дополнувајќи ги сите прашања и области кои не се опфатени и ги сметате за недостаток.

**На ден 15.11.2017 година (среда) со почеток во 19:00 часот во големата сала на Општина Штип ќе ги дискутираме клучните проблеми за младите на локално ниво, при што повеќе ќе се фокусираме за потенцијалните решенија кои можат да придонесат за да се подобрат можностите за младите на локално ниво. Ве покануваме да се вклучувате во дискусијата и слободно да ги споделите вашите ставови и мислења.**

Со почит,

Датум:
10.11.2017 година

Градоначалник
на Општина Штип
г. Благој Бочварски

Изготвил:
Потпретседател на
Совет на млади на
Општина Штип
Кирил Јорданов